# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА

# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 17

## СОДРЖИНА


| Ред. број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Процена на загрозеност на територија на Општина Зелениково | 3 |
| 2 | Програма за субвенционирање на ЈКП Зелениково за 2023 година | 9 |
| 3 | Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година | 11 |
| 4 | Програма за заштита на животната средина во општина Зелениково за 2023 година | 15 |
| 5 | Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на Општина Зелениково за 2023 година | 26 |
| 6 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година | 51 |
| 7 | Програма за електрично улично осветлување во Општина Зелениково за 2023 година | 56 |
| 8 | Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година | 63 |
| 9 | Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Зелениково за 2023 година | 77 |
| 10 | Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2023 година | 107 |
| 11 | Одлука за обезбедување на финансиски средства за превоз на децата од градинката ЈДГ “8-Март” – објект Зеленика - Зелениково | 111 |
| 12 | Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 657 и дел на КП 658 КО Зелениково | 112 |
| 13 | Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 176/1 КО Зелениково | 114 |
| 14 | Одлука за одобрување на финансиска помош на Злате Симоновски | 115 |
| 15 | Заклучок по поднесено барање од Месна заедница “Трпе Божиновски” - Зелениково | 116 |
| 16 | Заклучок по поднесено барање од Месна заедница “Трпе Божиновски” - Зелениково | 117 |
| 17 | Заклучок по поднесено барање од Советникот Жаклина Николовска | 118 |
| 18 | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2022 година | 119 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Процена на загрозеност на територија на Општина Зелениково

Се објавува Проценaта на загрозеност на територија на Општина Зелениково, донесена на 22 –та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/149**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

# ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### *1. Географска положба*



Општина Зелениково е општина во северниот дел на Република Македонија, сместена во крајниот југоисточен дел на Скопската котлина во близина на градот Скопје. Поточно општината Зелениково се наоѓа во горното Повардарие, во средото течение на реката Вардар во близина на сливот на Кадина Река и Пчиња. Територијата на општина Зелениково зафаќа површина од 176,95 km2. Општината Зелениково се граничи со 4 општини и тоа: Велес од југ и југоисток, Чашка од југ, Студеничани од запад и Петровец од север и североисток. Самата општина има изразит рурален карактер и во своите граници опфаќа 14 населени места, од кои сите селски населби. Населението на општина Зелениково брои 3361 жител, што ја вбројува во редот на ретко населени подрачја.



Општина Зелениково е формирана како посебна општина во денешните граници со Законот за територијална организација на општините од 1996 година, а претходно била во рамките на Општина Кисела Вода и Општина Скопје во периодот на СФРЈ.

Со предлог Законот за територијална организација на општините во 2004 беше предвидено Општина Зелениково да се припои кон Општина Петровец, меѓутоа Општината Зелениково остана самостојна општина со поголеми можности за сопствен развој.

**Потекло и значење на името**

Зелениково го добило своето име поради растението зеленика (лат. Buxus, позната и како шимшир), која е многу застапена на ридовите над Зелениково. Од дрвото на ова растение се изработуваат дрвени порти, греди и музички инструменти како кавали по кои се познати свирачи кои и денес живеат во Зелениково. Дополнително објаснување е извонредно зелената околина на селото Зелениково во чиј атар нема карпести или голи места. На територијата на Општина Зелениково се наоѓаат повеќе културно-историски споменици и знаменитости. Во рамките на општината Зелениково се наоѓаат повеќе постари средновековни цркви и манастири меѓу кои: познатиот манастир „Свети Архангел Гаврил“ во селото Зелениково од XIV век, возобновен во 1845/46 година, манастирот „Свети Ѓорѓија“ и црквата „Воскресение Христово“ во Станица

Зелениково, црквите „Свети Димитрија“ од XIV век и „Свети Илија“ од XVII век во селото Таор, а во Ново Село постои црквата „Свети Талеа“ од средновековието возобновена во 1896 година.

**Археолошки наоѓалишта**

- Остатоците од античкиот град Тауресиум во кој е роден византискиот император Јустинијан I се наоѓа во близината на селото Таор.
- Слатина, населба од неолитското време. Се наоѓа на 200-300 m пред влезот во селото, лево од патот и железничката пруга, на пространа тераса што се издига над старото корито на Вардар, на десната страна. Поголем дел од теренот е обработлив и е сопственост на ЗИК „Светлост“. Со длабокото орање и садењето на овошки површинските слоеви се оштетени и развлечени. Локалитетот е откриен уште во 1950 година, кога е извршено и првото пробно ископување. Подоцна, со ископувањата во 1954 и 1955 година, а особено во 1974 и 1975 година се откриени остатоци од куќи (лепеж) и разни предмети од материјалното производство, особено од керамика. Се работи за поголема населба од средниот неолит, со подолга интерна еволуција, истовремена со населбите од културната група Анзабегово-Вршник II-IV. Посебно значајни се наодите од последниот слој на населбата, од времето на доцниот неолит, според кои е воведена нова културна група наречена Зелениково II. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје.
- Црквиште, кастел од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km југозападно од селото и 2 km северозападно од железничката станица, на височинка што се издига над составот на Зелениковска Река и реката Дартошама. На простор од околу 110 x 55 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а околу него остатоци од ѕидови од одбранбен бедем и кули. На неколку места се забележуваат темели од помали градби, а има и темели од голема трикорабна базилика.

# Демографија

Според пописот од 2021 година, Општина Зелениково брои 3361 жител, чиј етнички состав е:

- Македонци 2407 – 71,62%
- Албанци 415 – 12,35%
- Турци 5 - 0,15%
- Роми 44 – 1,31%
- Срби 46 - 1,37%
- Бошњаци 187 – 5,56%

Извор: Државен завод за статистика







- Населението во Општина Зелениково се занимава со примарни и секундарни стопански дејности. Најразвиено е земјоделството односно полјоделството и сточарството. Поради поволноста на теренот и високата плодност на земјиштето во пределот околу реката Вардар е најзастапено полјоделството, пред се одгледувањето на житни култури (пченица, јачмен, овес, 'рж, пченка), градинарски култури (зелен пипер, домат, морков, кромид, лук, спанаќ, марула) како и индустриските култури (луцерка, фуражна пченка, детелина). Идеалните услови кои ги нудат ридските предели на општина Зелениково, последната деценија повторно го вратија и развија сточарството посебно козарството, по кое оваа општина е далеку позната, пред се по прочуеното козјо сирење и млеко од неколкуте млекарници од Таор, Пакошево и Зелениково. Покрај козарството, доста развиено е и овчарството. Покрај земјоделството и сточарството развиено е и индустриското производство во прехрамбената индустрија и фабриката за компјутерски микрочипови во село Орешани.

### *2. Релјефна структура*

Просторот на општината се протега од двете страни на реката Вардар. Имено, во средишниот дел е широка и плодна алувијална рамнина на реката Вардар и токму во неа од десна страна се влева реката Кадина река. Од десната страна пак просторот се издига се до сртот на планината Караџица, а од лева страна се влева река Пчиња во реката Вардар.

На десната страна на реката Вардар, а особено во атарот на селото Зелениково земјиштето е рамница со просечна висина 345м и е доста плодно.

### *3. Клима*

Заради својата географска положба, Општина Зелениково се наоѓа во простор каде што се вкрстува средоземна клима од југ и умерено континентална од север. Просечната годишна температура изнесува 14С. Годишниот максимум изнесува 41,6С, а годишниот минимум изнесува -21,1С.

Климата на овој простор ги има сите карактеристики на медитеранска клима – благи зими со снежни врнежи и суви топли, а понекогаш и суптропски лета, со малку врнежи, со околу 80 денови и 900мм годишно, особено нема врнежи во летните сушни месеци. Најмногу врнежи има во ноември и декември од 56 до 60%.

Ветровите на овој простор се честа појава со просечна годишна брзина од 3 м/сек и најмногу дуваат од северната и западната страна (Повардарец). Тоа е обично студен ветер, па затоа одделни есенски посеви најчесто измрзнуваат. Во рана пролет дува јужен ветар со минимална брзина од 22м/сек и температура до 10С, кога некои видови овошја брзо се развиваат и цветаат.

Облачноста на ова подрачје е минимална па затоа во просек има по 10 до 12 часа сончево време и тоа обично во пролет и есен, додека пак во декември има сонце дневно во просек по 2 до 4 часа. Што се однесува до ноќите тие се чисти и јасни, а и маглата е честа појава во рана пролет и доцна есен и обично се задржува над самото корито на реката Вардар.

### *4. Хидрографија*

Низ средината на територијата на општина Зелениково тече реката Вардар во која од левата страна се влева реката Пчиња, а од десната страна се влева Кадина река. Реката Вардар низ своето течение се излева и го поплавува речното корито. Од ридско-падинското подрачје од десната страна на реката Вардар во истата се слеваат и повеќе потоци и порои.

## II. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

### 1. *Загрозеност од поплави*

Поплавите се природни непогоди кои настануваат како резултат на специфичностите на релјефот, топографските, орографските, геоморфолошките и климатските услови на поднебјето како нерамномерниот режим на течењето на природните водотеци.

Водите во Општина Зелениково се сливаат во три реки и тоа: Вардар, Пчиња и Кадина река.

Реката Вардар е најголема и ја дели територијата на општината на два дела. Протекувајќи низ целата должина на општината во неа се влеваат реките Пчиња и Кадина река. Во зависност од врнежите од дожд, а посебно од снег реката вардар се излева од своето корито и го поплавува околното обработливо земјиште, а поради конфигурацијата на теренот предизвикуваат мошне сериозни последици како што се големи ерозии, наноси и нивно депонирање, уривање на брегови. Поплави досега имало повеќе пати, а како најголеми се забележани во 1900, 1916, 1937, 1962, 1979 и 2020 година.

Најкритични места за поплавување се локациите во село Зелениково и станица Зелениково, Орешани, Ново Село и село Пакошево за кои треба да се изнајдат трајни решенија за да се зголеми сигурноста, уредување и регулирање на речното корито. Исто така делимично треба да се уредат низводните делници на река Вардар со изградба на заштитни објекти.

Пороите при обилни краткотрајни врнежи зафаќаат помали подрачја но предизвикуваат големи штети не само од излевање на водата туку и од наталожениот наносен материјал во општина Зелениково. Како превентивни мерки треба да се изградат системи за одводнување и каскади.

| ред.број | Опис | |
|---|---|---|
| **1.** | Микролокација | Општина Зелениково |
| **2.** | Определување на ниво на ризик | II |
| **3.** | Опис на загрозени добра | станбени и деловни објекти, дворови на станбени и деловни објекти, подруми, улици и патишта, земјоделско обработливо земјиште |
| **4.** | Опис на превентивни мерки | -изградба на системот за одвод и изградба на каскади<br>-одржување на отворените канали за одвод и атмосферска канализација во градот<br>-регулација на речните корита, заштита од узурпација и одржување на регулираниот дел од речните корита |
| **5.** | Потребни материјални средства за превенција | Утоварачи, багери, кипери, вреќи со песок, водни пумпи, алати (копачи, лопати) |
| **6.** | Опис на мерки за справување | -отстранување на препреки на водните текови од дрвја, гранки и отпадни материи<br>-поставување на враќи со песок и градење на тампон зони на преливните места<br>-обезбедување на сообраќајниците<br>-снабдување на населението со вода за пиење и прехрамбени продукти<br>-контрола на системот за водоснабдување и превенција од загадување во места каде |

| | | |
|---|---|---|
| | | населението се снабдува со вода од бунари и бушотини<br><br>-превентивна заштита од заразни болести |
| **7.** | Ниво на приоритет | II |

**Број 10-658/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програма за субвенционирање на ЈКП Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за субвенционирање на ЈКП Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/150**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

# П Р О Г Р А М А

# ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОСНОВАНО ОД ЕЛС ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА 2023 ГОДИНА

Во Буџетот на Општина Зелениково за 2023 година предвидени се средства во вкупен износ од 200.000,00 денари за субвенционирање на Годишниот оперативен план на Јавното Комунално Претпријатие – Зелениково, односно за зимско одржување на локални патишта и улици на територијата на општина Зелениково.

Во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од Општината подетално се дефинираат висината, условите, начинот на влечење на одобрените средства и потребната документација за меѓусебна кореспонденција.

## I. Субвенционирање на Годишниот Оперативен План на ЈКП Зелениково

За субвенционирање на Годишниот оперативен план за 2023 година на ЈКП Зелениково се планираат 200.000,00 денари, кои средства се алоцирани во:

1. Програмата (Ј70) Одржување и користење на паркови и зеленило.

   Предмет на субвенционирање ќе бидат следните активности:

- Метење на локални улици
- Диви депонии (градежен шут)
- Одржување (косење) на зелени површини

2. Програма (Ј60)

Исплатите на средствата за субвенционирање на ЈКП Зелениково ќе се изврши по доставена соодветна документација и проверка, контрола и одобрување од соодветните раководни лица од Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина.

Имајќи го во предвид фактот што цената на комуналните услуги има своја социјална димензија, а со цел одржување на јавната чистота и зелените површини, неопходна е субвенционирање на Годишната Програма за работа на ЈКП Зелениково за 2023 година, со што му се овозможува нормално и непречено функционирање.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни и евентуалните измени би се усогласиле со Измени и дополнувања на Буџетот на Општината кои би следеле во текот на 2023 година, со што и Годишната програма за работа за 2023 година на ЈКП Зелениково би била дополнително изменета и усогласена.

**Број 10-659/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/151**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ” број 111/08), Одлуката за јавна чистота, извештаите на ЈКП Зелениково при Општина Зелениково, Советот на Општина Зелениково на 22 - седница одржана на 09.12.2022 година, донесе

# П р о г р а м а
## за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година

### I ОПШТ ДЕЛ

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година ги дефинира видот и обемот на работите што треба да се извршат, динамиката и начинот на вршење на работите, временски рокови за извршување и начинот на нивно финансирање.

Планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржување на чистотата на јавните површини е извршено врз основа на следниве клучни фактори:

- Одредување на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини
- Димензиите, типот и формата на јавните површини
- Начин на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата

### II ЗАКОНСКА ОСНОВА И ОБВРСКА

Програмата треба да содржи и мерки за обезбедување на јавните санитарни јазли, како и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Службените лица во органите на општината (комунален инспектор и комунален редар на општината) се должни како одговорни лица навреме и ефикасно да преземаат мерки за спроведување на одредбите на оваа законска одредба.

Корисниците на услугите на комуналната хигиена и јавната чистота се должни да се придржуваат на оваа програма и одлуката за јавна чистота во согласност со Законот за јавна чистота.

Годишната програма и одлука за јавна чистота се доставува до сите месни заедници поради едукација на населението.

### III ОПШТИ ПОКАЗАТЕЛИ

1. Од реалните општи состојби на комуналната хигиена и јавна чистота и од извештаите на ЈКП Зелениково произлегува заклучок дека за непречена и успешна работа во одржувањето на комуналната хигиена и јавна чистота на територијата на Општина Зелениково неопходно е да се остварат следните услови:

- Добра опременост на ЈКП Зелениково со средства за работа и средства за собирање на отпад,

- Дополнително вработување на соодветни стручни кадри, во зависност од финансиската состојба на ЈКП Зелениково.
- Планирање на потребни финансиски средства за инвестирање во развојот на комуналната дејност во општината,
- Изградба на пристапни улици и патишта до одредени населени места,
- Развивање ва свеста кај граѓаните за потреба од комунална хигиена и јавна чистота во населените места и општината.

Од степенот на остварување на овие услови зависи степенот на остварувањето на јавната хигиена и чистота, а со тоа и степенот на отстранувањето на причините кои влијаат на квалитетот на воздухот, степенот на загаденоста на површинските и подземните води, степенот на деградирањето на земјиштето, а со тоа и општата состојба на здравјето на населението.

2. Територијата на Општина Зелениково зафаќа површина од 176.95 км2 површина, од кои 11.8% од вкупната површина ридско планински дел, а остатокот е рамничарски дел. На територијата на Општина Зелениково гравитираат 14 населени места од кои на ридско планински дел се наоѓаат 8 населени места и тоа: Добрино, Дејковец, Тисовица, Гумалево, Градовци, Вражале, Палиград и Смесница. На рамничарскиот дел се наоѓаат 6 населени места и тоа Таор, Пакошево, Ново Село, Орешани, Зелениково и Страхојадица. Од наведените населени места, само едно населено место е со над 1000 жители, со средна големина се 2 населени места и 11 населени места се со помалку од 300 жители. Според последниот попис во 2021 година Општина Зелениково е населена со 3361 жител. Просечна густина на населението изнесува 24 жители на 1км2, а тоа е најмала густина на населеност од сите 9 рурални општини на РМ.

3. На територијата на Општина Зелениково со комунална дејност оперира ЈКП Зелениково, формирано со Одлука на Советот на Општината. Основна дејност на ЈКП Зелениково е собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на водоводната и канализационата мрежа во општината. ЈКП Зелениково во објавувањето на комуналната дејност, е опремено со едно специјализирано моторно возило. За собирање на отпадот се користат 80 контејнери, 110 буриња од по 200 литри и 180 канти од 120 литри. ЈКП, согласно планот за работа, за 2023 година подига отпад од населените места Зелениково, Орешани, Таор, Пакошево, Ново Село индустриски дел од Пинтија и викенд населба Морани. Односно, опслужува 1400 домаќинства и 50 правни лица. Со новото помало возило кое што се набави претходната година, сега се собира отпад и во други населени места како Страхојадица. На територијата на Општина Зелениково не постои депонија за одлагање на комуналниот отпад. За таа намена се користи регионалната депонија Дрисла. Одлагањето на отпадот дневно се врши на две тури и дневно се одлага околу 4-5 тони отпад. Една тура е во должина околу 30 км, односно дневно се поминува околу 60 км. за одлагањето на отпадот во депонијата Дрисла ЈКП плаќа 680,00 +ДДВ денари по тон комунален отпад.

## IV ДИВИ ДЕПОНИИ

Во работата на ЈКП Зелениково посебен проблем претставуваат дивите депониии како во населените места во кои е организирано редовно собирање на отпад, така и во населените места каде не е организирано собирањето на отпадот. Причини за создавањето на диви депонии има повеќе. Дивите депонии се од земјоделски отпад, градежен шут и комунален отпад. Истиот најчесто се исфрла по течението на реката Вардар и други локации покрај населените места. Една од причините за создавањето на дивите депонии е отсуството на потребен број контејнери, буриња, канти и други

средства за организирано одлагање на отпадот, отсуство на планско определување на местата каде што населението ќе може да го одлага создадениот отпад и ниската свест на населението за потреба од општа комунална хигиена и јавна чистота. Постоењето на дивите депонии не само што ја отежнуваат работата на ЈКП при собирањето и транспортирањето на отпадот, туку тој претставува и потенцијална опасност по животот и здравјето на населението.

## V ФИНАНСИРАЊЕ

ЈКП се финансира од дадените услуги на корисниците кои се во висина од 70% од вкупните дадени услуги. Средствата кои ги остварува не се доволни за инвестирање во потребна опрема за комунална дејност, вработување на потребен стручен и оперативен кадар, набавка на средства за одлагање на отпад со кои би се подобриле условите за работа и би се проширил опфатот на населените места во собирање и одлагање на комунален отпад. Уште повеќе што претпријатието е оптеретено и со долгови кои се создадени од претходните години.

Месечниот надомест за комуналните услуги (собирање на смет од домаќинство) е: 250,00 денари со ДДВ што не ги покрива ни основните трошоци.

## VI ДОЛГОВИ

Поради напластени долгови ЈКП Зелениково е оптеретено со долг од околку 41.000.000 денари спрема ЈП Водовод Скопје, кој датира од 2001 година. Долговите произлегуваат само од диво приклучените потрошувачи и ненаплатена реализација.

## VII ПЛАН НА КОМУНАЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

Одржувањето на јавната комунална хигиена и на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајна и квалитетна чистота на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

За остварување на таа цел, во 2023 година се планираат следните активности:

1. Советот на Општината да ја разгледа можноста за утврдување на средства кои на годишно ниво би се издвојувале од буџетот на општината за унапредување на општата комунална хигиена, јавната чистота и одржување на електричната мрежа (уличното осветлување). Ова и со оглед на тоа, што средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приходи на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.
2. Градоначалникот на општината да ја разгледа можноста за аплицирање на барање за средства од Владата заради спроведување на Законот за јавна чистота, како и од Министерството за животна средина и просторно планирање заради обезбедување на чиста и здрава животна средина. Средствата по оваа основа да се искористат за набавка на потребен број на контејнери и канти за собирање на смет и отпад (во овој момент е утврдена потребата за набавка од околу 800 канти или 50 контејнери).
3. Советот на општината, по предлог на Градоначалникот да ја разгледа потребата од вработување на 2 (две) работни места и тоа: еден општински комунален инспектор (член 26 од Законот за јавна чистота) и еден електричар. Во моментот имаме вработено комунален редар.
4. Советот да донесе одлука за поблиско уредување на односите во одржувањето на јавната чистота.

Во зимскиот период во услови на снег дневно-дежурните и ноќните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадите, како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација. Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол машински и рачно. Чистење на јавните површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на улиците на општина Зелениково донесена од Советот на општина Зелениково.

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец септември, со претходно објавување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се изврши перење на улиците.

Во населените места (руралните средини) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.

Со одлуката да се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користењето на јавните површини, собирањето на сметот, чистењето на снег и мраз, отстранувањето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

## VIII ЈКП ЗА 2023 ГОДИНА:

1. Да вложи напори за зголемување на процентот на наплата на своите побарувања од корисниците на комуналните услуги. Сегашната наплата е на ниво од 70% од своите побарувања.
2. Со своја програма да ја утврди годишната динамика за одлагање и подигање на отпадот и тоа посебно за населените места од рамничарскиот дел и посебно за населените места од ридско-планинскиот дел на општината.
3. Во програмата за населените места кој поради лоши временски услови пристапот е мошне отежнат, како и на населените места кои се со мал број на жители да утврди и обележи места на кои населението од споменатите населени места ќе можат да го одлагаат отпадот за подолг временски период но не подолг од 1 месец. Програмите да се доставаат до месните самоуправи на населените места заради запознавање на населението за деновите и времето кога ЈКП ќе го подига и транспортира сметот.
4. Во програмата да се утврдат мерки за обезбедување на јавните санитарни јазли, да ги утврди и обележи местата за поставување на садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простории пред јавните објекти.
5. Со помош на општинскиот комунален инспектор и комунален редар, а во организација на општината и месните самоуправи, да организираат јавни собири по населен места за едукација на населението со Законот за јавна чистота, одлуката за јавна чистота и оваа програма, за мерките на одржувањето на јавната чистота, како и за казнените мерки за одлагањето на отпадот и градежниот шут надвор од обележаните места.
6. ЈКП Зелениково со дополнување и измена на член 4 од Статутот на ЈКП Зелениково, по одлука на Советот на Општина Зелениково го превзема одржувањето на уличното осветлување на територијата на Општина Зелениково, одржување на јавната чистота, одржување на гробиштата, ерадикација на животни скитници, зимско одржување на локалните улици на Општина Зелениково, изградба на хидроградежни и комунални објекти.

**IX ОБВРСКА НА КОРИСНИЦИТЕ**

1. Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти и на дворните површини на индивидуалните објекти за домунање, се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаната средина и редовно да го отстрануваат сметот од истите.
2. Одржувањето на јавната чистота на отворените простори и на јавните објекти во сопственост на општината да ги врши ЈКП, а на објектите во приватна сопственост и на дворните површини на индивидуалните објекти за домување да го врши сопственикот на објектот.

**X КОНТРОЛА И НАДЗОР**

Контрола на одржувањето на јавната чистота, согласно законот, ја врши општинскиот комунален редар.

Надзорот над спроведувањето на Законот за јавна чистота и прописите донесени врз основа на тој закон, ја врши општинскиот комунален инспектор.

**Број 10-660/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 09.12.2022 година** **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за заштита на животната средина во општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за заштита на животната средина во општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/152** **Градоначалник**
**Датум 15.12.2022 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

# Годишна програма за заштита на животната средина во Општина Зелениково за 2023 година

## Основни карактеристики на Општина Зелениково

Општина Зелениково е општина во северниот дел на Република Македонија, сместена во крајниот југоисточен дел на Скопската котлина во близина на градот Скопје. Поточно општината Зелениково се наоѓа во горното

Повардарие, во средното течение на реката Вардар во близина на сливот на Кадина Река и Пчиња. Територијата на општина Зелениково зафаќа површина од 176,95 km2. Општината Зелениково се граничи со 4 општини и тоа: Велес од југ и југоисток, Чашка од југ, Студеничани од запад и Петровец од север и североисток. Самата општина има изразит рурален карактер и во своите граници опфаќа 14 населени места, од кои сите селски населби. Населението на општина Зелениково брои 3361 жител, што ја вбројува во редот на ретко населени подрачја.



Општина Зелениково е формирана како посебна општина во денешните граници со Законот за територијална организација на општините од 1996 година, а претходно била во рамките на Општина Кисела Вода и Општина Скопје во периодот на СФРЈ.

Со предлог Законот за територијална организација на општините во 2004 беше предвидено Општина Зелениково да се припои кон Општина Петровец, меѓутоа Општината Зелениково остана самостојна општина со поголеми можности за сопствен развој.

## Потекло и значење на името

Зелениково го добило своето име поради растението зеленика (лат. Buxus, позната и како шимшир), која е многу застапена на ридовите над Зелениково. Од дрвото на ова растение се изработуваат дрвени порти, греди и музички инструменти како кавали по кои се познати свирачи кои и денес живеат во Зелениково. Дополнително објаснување е извонредно зелената околина на селото Зелениково во чиј атар нема карпести или голи места. На територијата на Општина Зелениково се наоѓаат повеќе културно-историски споменици и знаменитости. Во рамките на општината Зелениково се наоѓаат повеќе постари средновековни цркви и манастири меѓу кои: познатиот манастир „Свети Архангел Гаврил“ во селото Зелениково од XIV век, возобновен во 1845/46 година, манастирот „Свети Ѓорѓија“ и црквата „Воскресение Христово“ во Станица

Зелениково, црквите „Свети Димитрија“ од XIV век и „Свети Илија“ од XVII век во селото Таор, а во Ново Село постои црквата „Свети Талеа“ од средновековието возобновена во 1896 година.

## Археолошки наоѓалишта

- Остатоците од античкиот град Тауресиум во кој е роден византискиот император Јустинијан I се наоѓа во близината на селото Таор.
- Слатина, населба од неолитското време. Се наоѓа на 200-300 m пред влезот во селото, лево од патот и железничката пруга, на пространа тераса што се издига над старото корито на Вардар, на десната страна. Поголем дел од теренот е обработлив и е сопственост на ЗИК „Светлост“. Со длабокото орање и садењето на овошки површинските слоеви се оштетени и развлечени. Локалитетот е откриен уште во 1950 година, кога е извршено и првото пробно ископување. Подоцна, со ископувањата во 1954 и 1955 година, а особено во 1974 и 1975 година се откриени остатоци од куќи (лепеж) и разни предмети од материјалното производство, особено од керамика. Се работи за поголема населба од средниот неолит, со подолга интерна еволуција, истовремена со населбите од културната група Анзабегово-Вршник II-IV. Посебно значајни се наодите од последниот слој на населбата, од времето на доцниот неолит, според кои е воведена нова културна група наречена Зелениково II. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје.
- Црквиште, кастел од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km југозападно од селото и 2 km северозападно од железничката станица, на височинка што се издига над составот на Зелениковска Река и реката Дартошама. На простор од околу 110 x 55 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а околу него остатоци од ѕидови од одбранбен бедем и кули. На неколку места се забележуваат темели од помали градби, а има и темели од голема трикорабна базилика.

## Демографија

Според пописот од 2021 година, Општина Зелениково брои 3361 жител, чиј етнички состав е:

- Македонци 2407 – 71,62%
- Албанци 415 – 12,35%
- Турци 5 - 0,15%
- Роми 44 – 1,31%
- Срби 46 - 1,37%
- Бошњаци 187 – 5,56%







Извор: Државен завод за статистика

- Населението во Општина Зелениково се занимава со примарни и секундарни стопански дејности. Најразвиено е земјоделството односно полјоделството и сточарството. Поради поволноста на теренот и високата плодност на земјиштето во пределот околу реката Вардар е најзастапено полјоделството, пред се одгледувањето на житни култури (пченица, јачмен, овес, 'рж, пченка), градинарски култури (зелен пипер, домат, морков, кромид, лук, спанаќ, марула) како и индустриските култури (луцерка, фуражна пченка, детелина). Идеалните услови кои ги нудат ридските предели на општина Зелениково, последната деценија повторно го вратија и развија сточарството посебно козарството, по кое оваа општина е далеку позната, пред се по прочуеното козјо сирење и млеко од неколкуте млекарници од Таор, Пакошево и Зелениково. Покрај козарството, доста развиено е и овчарството. Покрај земјоделството и сточарството развиено е и индустриското производство во прехрамбената индустрија и фабриката за компјутерски микрочипови во село Орешани.
- Покрај овие неколку поголеми компании (три млекари и една фабрика за производство за микро-чипови на територијата на општината регистрирани се уште 32 помали фирми (ДОО, ДООЕЛ и трговски друштва).
- На територијата на Општина Зелениково има земјоделско земјиште со вкупна површина од 2084 хектари од кое обработлива површина која е

активна е со површина од 1600 хектари. Најзастапени култури се овоштарство со 35 хектари, лозарство со 38 хектари и пасишта 195 хектари.

- Миграцијата во Општина Зелениково е на минимално ниво според извори од завод за статистика годишно мигрираат по 2 лица. Во општината покрај постојаното население, особено во летниот период доаѓаат и престојуваат жители од соседната општина каде што имаат изградено викенд куќи.
- Од инфраструктура 90% од населените места се покриени, односно поврзани со локални патишта кои 50% се во добра состојба, а останатите треба да се реконструираат. Улици низ селата има 10% асфалтирани останатите се црн земјен пат. Според пресметките на општината од одделението за урбанизам вкупната должина на улиците во сите населени места изнесува 28 км.

## Социјална инфраструктура

Во општина Зелениково работи деветгодишно основно училиште „Марко Цепенков" кое се наоѓа во Станица Зелениково. Во рамките на училиштето работат и градинка и библиотека. На оддалеченост од околу 25 км од градот Скопје се наоѓа општината Зелениково, која е сместена во северниот дел на Република Северна Македонија, поточно во крајниот југо–источен дел на Скопската котлина по средното течение на реката Вардар. Во оваа општина воспитно-образовната дејност се изведува во О.О.У.„Марко Цепенков". О.О.У.„Марко Цепенков" - Зелениково е изградено во 1980 година со средства од самопридонест на граѓаните. Воспитно-образовниот процес во овој крај започнува по повоениот период, поточно 1955 до IV одд. А веќе во 1956 година и до VIII одд. Во тогашната училишна зграда каде денес е сместена амбулантата на општина Зелениково. Денес О.О.У. „Марко Цепенков" - Зелениково е современо деветгодишно основно училиште кое располага со 2960м2 училишен простор, во кој спаѓаат 12 училници, 5 кабинети, училишна библиотека, фискултурна сала, административни простории, чајна кујна и работилница за хаус-мајстор. Училиштето има уреден двор со зелена површина како и асфалтирано спортско игралиште. Централното основно училиште ги опфаќа учениците од Станица Зелениково, с.Зелениково, с.Пакошево, с.Ново Село, а подоцна од VI одд. и учениците од с.Орешани, и с.Таор. Во составот на училиштето од оваа учебна година ќе работат седум Подрачни училишта сместени во околните населени места на оддалеченост од 2,5 до 23 км од Централното училиште. Подрачни училишта се: Страхојадица, Смесница, Гумалево, Дејковец, Тисовица, Вражале, во кои наставата се изведува на албански наставен јазик во комбинирани паралелки, додека во Подрачното училиште во с.Орешани наставата се изведува само во одделенска настава на македонски наставен јазик. Оваа учебна година во О.ОУ.„Марко Цепенков" наставата ќе ја посетуваат вкупно 305 ученика, распоредени во 31 паралелка.

**МЕРКИ- (Активности)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Грижа за животната средина и одржливо управување со природните ресурси | 1.Намалување на загадувањето преку систематско управување со отпадот и отпадните води | 1.1 Зајакнување на капацитетите на ЈКП<br>1.2Воспоставување на соработка со (идната) регионална депонија<br>1.3 Доизградба на системите за собирање одведување и третман на отпадните води<br>1.4 Мониторирање, контрола и едукација | • Осовременување на возниот парк на ЈКП<br>• Набавка на нови машини и опрема<br>• Подигање на капацитетите на вработените во ЈКП<br>• Поставување на пумпи на сончева или ветерна енергија<br>• Поставување на секторски вентили, регулациони и мерни инструменти на водоводната мрежа<br>• Воведување на современ систем за мониторинг и контрола на системите за отпадни води<br>• Координација на управувањето со отпад со другите институциите и партнери<br>• Санација, уредување и затварање на диви депонии<br>• Изработка на студии за заштита на животната средина,<br>• Организација на тематски обуки, трибини и кампањи |
| | 2. Искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) и примена на енергетски ефикасни мерки (ЕЕ) | 2.1 Искористување на потенцијалите за обновливите извори на енергија во јавниот сектор<br>2.2 Едукација, промоција и кампањи за справување со климатските промени и искористување на ОИЕ и ЕЕ<br>2.3 Намалување на емисијата на стакленички гасови од јавните објекти<br>2.4 Јакнење на капацитетите за справување со климатските промени | • Обезбедување добра статистичка основа,<br>• Обезбедување имплементација на стандардите за дозволено количество на издувни гасови во патничкиот сообраќај,<br>• Обезбедување имплементација на стандардите за Заштита на шумите<br>• набавка на противпожарни возила и опрема<br>• Обезбедување имплементација на стандардите за Градење/осовременување на системите за пречистување на отпадните гасови, комуналните и индустриските води,<br>• Обезбедување висок степен на контрола при примената на стари технологии, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Пошумување на површини во општината,<br>• Обезбедување механизми за контрола на влијанието на инвестициите врз животната средина,<br>• Заштита на биодиверзитетот.<br>• Воведување и изработка на подземен катастар за постоечка енергетска инфраструктура<br>• Изработка на техничка документација за гасификација на општината<br>• Примена на енергетски ефикасни мерки во јавните објекти (фасади, подови, столарија,осветлување)<br>• Изработка техничка документација и изведба на системи од обновливи извори на енергија (сончевата енергија, ветерот како енергетски потенцијал, биомасата како енергетски потенцијал)<br>• Урбанизирање на простор соодветен за изградба на системи од обновливи извори на енергија<br>• Информирање на населението и бизнисите за поволни услови за искористување на сончевата енергија и ветрот и користење на погодностите за нивно инсталирање<br>• Анализи на можноста за создавање на нова економска вредност низ мерки за искористување на топлите и ладните подземни води: Студија за Ѓавото<br>• Обезбедување имплементација на стандардите при испуштањето на хемиски и други загадувачи во површинските и подземните води, |

## Проекти кои се предвидуваат за реализација

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на проектот**<br><br>**Подобрување на енергетската ефикасност во ООУ Марко Цепенков во село Страхојадица** | **Стратегиска цел за која придонесува проектот**<br>Грижа за животната средина и одржливо управување со природните ресурси | | **Мерка**<br>Едукација, промоција и кампањи за справување со климатските промени и искористување на ОИЕ и ЕЕ |
| **Носител на проектот (изберете од предложената листа)** | • Општина<br>• Јавна институција<br>• НВО<br>• Друго - додадете | | |
| **Краток опис на проектот (на што се однесува)** | Со проектот за реконструкција на објектот на ООУ Зелениково во Општина Зелениково предвидена е замена на дотраените градежни материјали со нови со кои енергетските карактеристики на реконструктуираната зграда ќе бидат во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност дадени во Правилникот за енергетските карактеристики на зградите. | | |
| **Очекувани резултати од проектот** | - Ефикасно искористена енергија во јавни објекти,<br>- Намалени трошоци за енергија,<br>- Подобрени инфраструктурни и работни услови во јавни објекти | | |
| **Преглед на клучните активности на проектот** | - Замена на стариот кров со нов кровен покривач<br>- Нова термичка фасада и<br>- други мерки со кои ќе се подобри енергетската ефикасност на објектот | | |
| **Кратка листа на чекорите што треба да се спроведат** | | | |
| **Достапни документи за проектот/спроведувањето (кои треба да се подготват)** | 1.Основен проект (има)<br>2.Ревизија на проект (има)<br>3.Друга техничка документација (има)<br>4.Одобрение за градба (нема) | | |
| **Статус на проектот** | а) на ниво на проектна идеја, без понатамошна разработка на активности и/или документи за спроведување на проектот<br><br>б) делумно подготвен, но потребна е дополнителна документација<br><br>в) во многу зрела фаза и подготвен за спроведување | | |
| **Период на спроведување на проектот** | 2022-2023 година | | |
| **Очекувани вкупни трошоци за проектот** | 5.247.687,00 денари со вклучен ДДВ<br>Во техничката документација обезбедена преку ЦРЈИПР финансирана од ГИЗ и делегацијата на ЕУ во Р.С.М имаме предмер пресметка без цени (дадената вкупна вредност е израчуната со претпоставени цени по дадените позиции) | **Средства досега инвестирани во Проектот – Износ и извор** | |
| **Очекувани извори на финансирање** | | | |
| **Општински буџет** | Износ 1 000 000,00 | | |
| **Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање)** | Износ 5.247.687,00, донации | | |
| **Назив на проектот** | **Стратегиска цел за која придонесува проектот** | | **Мерка**<br>Подобрување на воспитно образовниот процес низ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Реконструкција на фасада во ООУ Марко Цепенков во село Страхојадица** | Подобрување на квалитетот на живот преку развој на културна, социјалната, транспортна и комуналната инфраструктура, и<br>Грижа за животната средина и одржливо управување со природните ресурси | | мерки за подобрување на физичките и материјално-техничките услови за нивна реализација, и<br>Едукација, промоција и кампањи за справување со климатските промени и искористување на ОИЕ и ЕЕ |
| | | | |
| **Носител на проектот (изберете од предложената листа)** | • Општина<br>• Јавна институција<br>• НВО<br>• Друго - додадете | | |
| **Краток опис на проектот (на што се однесува)** | Објектот е постмодерен, од 70 години на минатиот век, составен од армирано бетонска конструкција и примена на многу бетон на фасадата. Бетонските фасадни површини се дотрајани и со излупен фасаден малтер. Фасадните ѕидови од тула се во добра состојба и се без термичка изолација. Цоклето е од терацо кое е дотраено и на места распукано и распаднато. Нема присутност на било каква топлотна и звучна изолација. Според тоа потребно е да се изврши комплетн ареконструкција на фасадата. | | |
| **Очекувани резултати од проектот** | - Ефикасно искористена енергија во јавни објекти,<br>- Намалени трошоци за енергија,<br>- Подобрени инфраструктурни и работни услови во јавни објекти | | |
| **Преглед на клучните активности на проектот** | - Одстранување на стар фасаден малтер до здрава површина<br>- Обеспрашување и миење со воден млаз на целата фасадна површина<br>- Подлога со длабинско дејство<br>- Сивлепак<br>- Стиропор (ЕПСТАБЛИ)<br>- Мрежа од стаклени влакна<br>- Бел лепак<br>- Основен премачкувач<br>- Акрилен малтер во боја по желба на инвеститорот | | |
| **Кратка листа на чекорите што треба да се спроведат** | | | |
| **Достапни документи за проектот/спроведувањето (кои треба да се подготват)** | 1.Основен проект (има)<br>2.Ревизија на проект (има)<br>3.Друга техничка документација (има)<br>4.Одобрение за реконструкција (нема) | | |
| **Статус на проектот** | а) на ниво на проектна идеја, без понатамошна разработка на активности и/или документи за спроведување на проектот<br>б) делумно подготвен, но потребна е дополнителна документација<br>в) во многу зрела фаза и подготвен за спроведување | | |
| **Период на спроведување на проектот** | 2023 година | | |
Се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/154**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/2002), а во согласност со член 23 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Зелениково (Службен гласник број 09/2019), Советот на Општина Зелениково на 22 - седница одржана на 09.12.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година

ВОВЕД:

Со оваа програма се уредува:

I. Подрачјето со поблиско определување на земјиштето што се уредува;

II. Обем на уредување и степен на опремувањето со објекти од комунална инфраструктура;

III. Извори за финансирањето на уредувањето;

IV. Трошоците за уредувањето;

V. Намената и насочувањето на средствата;

VI. Динамиката и мерките за извршување на Програмата;

VII. Преодни и завршни одредби;

## I. ПОДРАЧЈЕТО СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ШТО СЕ УРЕДУВА

Како градежно земјиште се смета изградeното и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Зелениково, а кое е прогласено како градежен реон за изградба според Генералниот урбанистички план, Урбанистичката документација за населено место, Урбанистички план за село и Урбанистички план вон населено место во Општина Зелениково.

## II. ОБЕМОТ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА

Во 2023 година уредувањето и опремувањето ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат опфатени сите локации на подрачјето на Општината Зелениково кои корисници ќе се јават за изградба на нови објекти, доградби, надградби и објекти и делови од објекти, кои се изградени без техничка документација, а се вклопуваат во Урбанистичката документација, а за кое ќе се обезбеди регуларна техничка документација.

Под обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште се подразбираат:

***ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ***

- изготвување и донесување на урбанистичка документација со основни решенија од инфраструктурата;
- оформување на геодетска документација;
- извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура;

***РАСЧИСТУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ***

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да може да се изврши:
- опремување на градежната парцела каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура;

- опремување на градежната парцела доделена на корисникот на земјиштето;

1. Под расчистување на градежното земјиште на градежната парцела се смета:

- решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето или деловниот простор;
- преместување на постојните објекти од комунална инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектот. Доколку објектите од комуналната инфраструктура остануваат под објектот, согласност за тоа дава надлежниот општински орган по мислење од Јавното комунално претпријатие;
- отстранување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектот;
- одводнување (заштита) на градежното земјиште.

2. Под опремување на градежното земјиште се смета:

А. ОПРЕМУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НАДВОР ОД ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА КОЈА Е ДОДЕЛЕНА НА КОРИСНИКОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Под опремување на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, надвор од градежната парцела,паѓаат на товар на Општината се сметаат следните работи:

А - 1. Инфраструктура од колективно значење, припаѓаат следните работи:

- проектирање и изградба на улици, пешачки патеки и други пешачки површини, содржини во Урбанистичките документации вон градежната парцела;
- проектирање и изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- проектирање и изградба на улично осветлување;
- проектирање и озеленување на јавните површини;
- проектирање и изградба и реконструкција на спортски терени и објекти;
- проектирање и изградба и реконструкција на јавни одводни канали;
- поставување на урбана опрема на јавни површини;

А - 2. Објекти од комуналната инфраструктура што служат за индивидуална потрошувачка, се објектите за кои е завршено или ќе се изврши:

- проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- проектирање и изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- проектирањето и градба на трафостаници за јавни - деловни и производни објекти ја сноси корисникот на градежната парцела;

Уредување на градежното земјиште во делот на обезбедување на пристап, приклучување на водоводна мрежа, фекална канализациона мрежа, ниско-напонска електрична мрежа, ПТТ мрежа, се врши по извршената уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на технички услови и материјални средства.

Б. ОПРЕМУВАЊЕ ВО ГРАНИЦИТЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА НА КОРИСНИКОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Расчистувањето и опремувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела и подготвителните работи, сопственикот со свои средства ги изведува следните работи:

- геомеханички испитувања;
- трошоците за надоместок на објектите, рушење на објектите, селидба на сопствениците, обезбедување на станбен и деловен простор на поранешните сопственици и надоместок за насадите и посевите на поранешните сопственици паѓа на терет на корисникот;
- изградба на противпожарна сообраќајница, пристапни рамни патеки за возила, подземни и надземни гаражи и паркиралишта, пристапни патеки, фонтани, цвеќарници, боксови за ѓубре, клупи и друга урбана опрема предвидена со урбанистичкиот проект - партерно решение;
- оградување, осветлување, озеленување, хидрантски мрежи и одводнување на градежната парцела и противпожарна хидрантска мрежа;
- проектирање и изградба на приклучок на водоводна мрежа, до и со водомерна шахта и водомер;
- проектирање и изградба на приклучок на фекална канализација, до и со последна шахта;
- проектирање и изградба на приклучок на ПТТ - мрежа, до приклучен орман;
- проектирање и изградба на приклучок на ниско - напонска електрична мрежа во приклучен орман (за индивидуални станбени згради) за колективни станбени згради до приклучен разводен орман;
- проектирање и изградба на високо-напонска електрична мрежа од трафостаница до разводен орман (за станбени, деловни и производни објекти);
- проектирање и изградба на трафостаници, јавни, деловни и производни објекти;
- одводнување на градежната парцела.

Трошоците за горната реализација паѓаат на товар на корисникот.

## III. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕТО

## ПРИХОДИ

Финансирањето на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година се врши преку следните извори на средства:

1. Средства од плаќања по основ на комунална такса за 2023 година;

2. Средства од плаќања по основ на такса за улично осветлување за 2023 година;

3. Трансфери од централната власт по основ на приложени програми и проекти;

4. Вонредни приходи по разни основи.

## IV. ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

## РАСХОДИ

Трошоците за реализација на оваа Програма ќе се финансираат од изворите на средствата програмирани во глава III и тоа:

1. За реализација на Програмата за изградба, рекострукција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на Општина Зелениково за 2023 година;

2. За реализација на Програмата за улично осветлување во Општина Зелениково за 2023 година;

3. За проектирање и озеленување на јавните површини;

4. За проектирање и изградба на инфраструктурни објекти од комунален карактер: водоводи, канализации, пречистителни станици и сл.

5. За проектирање, санирање и изведба на објекти за здравствена заштита, училишно и преучилишно воспитание и образование, спортски објекти, објекти од социјален карактер, ветеринарно-земјоделски објекти.

## V. НАМЕНА И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА УРЕДУВАЊЕ

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства утврдени со Програмата за уредување на градежно земјиште, се финансираат подготвителните работи, расчистувањето и опремувањето на градежното земјиште, а во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште за тековната година.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура и трошоци за преместување на објектите од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот на градежното земјиште ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Општината, а пред склучување на писмени договори за надоместокот за уредување на градежното земјиште и писмени договори за изведување на објекти од комунална инфраструктура, нема да се признаат.

## VI. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата, надоместокот за уредување на градежно земјиште и други средства.

Опремувањето на земјиштето да отпочне по добивањето на одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведување во владение на земјиштето.

По доставување на потребните согласности градежната парцела ќе се опреми со објекти од комунална инфраструктура предвидени од глава II од Програмата веднаш, односно во разумен рок по плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште и создавање услови за вршење на работите за опремување со наведените објекти.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со корисниците на градежното земјиште.

**VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Зелениково, органот надлежен за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунална инфраструктура и заштита на животната средина.

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Број 10-663/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 09.12.2022 година** **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програма за електрично улично осветлување во Општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за електрично улично осветлување во Општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/155** **Градоначалник**
**Датум 15.12.2022 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5 /2002), а во согласност со член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Зелениково (Службен гласник број 09/2019), Советот на Општина Зелениково на 22 - седница одржана на 09.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за електрично улично осветлување**
**во Општина Зелениково за 2023 година**

**<u>А. Станица Зелениково</u>**

1. Улицата попречно лево на патот за с.Пакошево
   - проводник СКС 1x16 м 440
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 9
   - затегачи за СКС 1x16 ком 14
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 18
   - проводник РРОО 4 x 6 м 100

- мерно место за трафостаница ком 1

2. Босанско маало
   - проводник СКС 1x16 м 560
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 9
   - затегачи за СКС 1x16 ком 10
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 18
   - проводник СКС м 120
   - столб 9 м (дрвен) ком 1

3. Ул. Зелениште
   - проводник СКС 1x16 м 80
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 2
   - затегачи за СКС 1x16 ком 2
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 4

4. Главна улица од Општина кон Орешани
   - проводник СКС 2 x 16 м 1140
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 13
   - овесен материјал ком 20
   - затегачи за СКС 2 x 16 ком 16
   - столб 9 м (бетонски) ком 16

5. Млекара
   - проводник СКС 2x16 м 200
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 4
   - затегачи за СКС 2x16 ком 8
   - АЛ - цу клеми 6-35 ком 8

6. Улица кај Ѕвонко Илиевски
   - проводник СКС 2x16 м 150
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 1
   - затегачи за СКС 2x16 ком 3
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 2
   - столб 9 м (дрвен) ком 1

7. Улица кај Миле Кузмановски
   - проводник СКС 2x16 м 60
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 2
   - затегачи за СКС 2x16 ком 3
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 4
   - проводник SKS 1x16 м 80
   - столб 9 м (дрвен) ком 4

8. Улица покрај Марко па нагоре кон Ванчо со крак кон Момир
   - проводник СКС 2x16 м 60
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 2
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 4
   - затегачи за СКС 2x16 ком 4
   - проводник SKS 1x16 м 80
   - столб 9 м (дрвен) ком 4

9. Улица кај Васка Огњановска (Цело патче до под куќата на Мице )

- 3 бандери околу 150 метри
- поставување на нова мрежа 5та жица

10. Нова линија од млекара до м.в.Гумења

11. Реконструкција на улично осветлување од кај босанско маало до Страхојадица

**<u>Б. с. Зелениково</u>**

1. Улица кај Павле механичар

| | |
|---|---|
| - проводник СКС 2x16 | м 240 |
| - вандерма 125 со сијалица 125W | ком 3 |
| - затегачи за СКС 2x16 | ком 7 |
| - АЛ -цу клеми 6-35 | ком 6 |

2. Улица кај Митре

| | |
|---|---|
| - проводник СКС 2x16 | м 240 |
| - вандерма 125 со сијалица 125W | ком 2 |
| - затегачи за СКС 2x16 | ком 2 |
| - АЛ -цу клеми 6-35 | ком 4 |
| - столб 9 м (дрвен) | ком 3 |

3. Улица кај Борко

| | |
|---|---|
| - проводник СКС 2x16 | м 100 |
| - вандерма 125 со сијалица 125W | ком 2 |
| - затегачи за СКС 2x16 | ком 2 |
| - АЛ -цу клеми 6-35 | ком 4 |

4. Улица од кај Пеце до новиот трансформатор

| | |
|---|---|
| - проводник СКС 2x16 | м 800 |
| - вандерма 125 со сијалица 125W | ком 5 |
| - затегачи за СКС 2x16 | ком 5 |
| - АЛ -цу клеми 6-35 | ком 10 |
| - столб 9 м (дрвен) | ком 5 |

5. Улица кај Жила (нова мрежа )

| | |
|---|---|
| - проводник СКС 2x16 | м150 |
| - вандерма 125 со сијалица 125W | ком 2 |
| - затегачи за СКС 2x16 | ком 2 |
| - АЛ -цу клеми 6-35 | ком 5 |
| - столб 9 м (дрвен) | ком 2 |

6. Улица од Јурија до Кораб

- проводник СКС 2x16 м 800
- вандерма 125 со сијалица 125W ком 5
- затегачи за СКС 2x16 ком 5
- АЛ -цу клеми 6-35 ком 3
- столб 9 м (дрвен) ком 5

**В. с.Таор**

1. Улица од мост на Вардар до селото и десно улицата на влезот во селото
   - проводник СКС 2x16 м 400
   - затегачи за СКС 2x16 ком 13
   - столб 9 м (дрвен) ком 5
   - технички прием
   - метален столб ком 40 (проводник под земја 150м)

2.Пристапен пат до археолошки локалитет Тауресиум во должина од 450м

3.Продолжување на уличното осветлување по главната улица до станбените објекти покрај патот за Катланово.

4.Пешачка патека од пат за Катланово до локалитетот Јустинијан - 500 м со 12 метални столба и проводник за во земја.

**Г. с. Ново Село**

1. Улица Ново Село- Пакошево
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 15
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 30

**Д. с. Орешани**

1. Улица од Бујото према резервоари
   - проводник СКС 2x16 м 640
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 2
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 4
   - затегачи за СКС 2x16 ком 2
   - столб 9 м (дрвен) ком 4

2. Главна улица од Бујото до железничка станица Јане Сандански
   - проводник СКС 2x16 м 1200
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 10
   - затегачи за СКС 2x16 ком 10
   - проводник SKS 1x16 м 140
   - столб 9 м (дрвен) ком 10
   - носач на изолатор (прав) ком 10
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 10

3. Улица под пругата кон с.Таор од мост на р. Вардар

- проводник СКС 2x16 м 80
- вандерма 125 со сијалица 125W ком 2
- затегачи за СКС 2x16 ком 4
- столб метален 800м ком 13(проводник под земја)
- АЛ -цу клеми 6-35 ком 8
- технички прием

4. Улица кон резервоарот за вода - крак кон Боро и Андреја

5.Улица 4 од Бујото до патот за Вражале

6.Поставување на нова линија од железничка постројка до Хај Теч

**Ѓ. с. Страхојадица**

1. Улица према школото
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 3
   - затегачи за СКС 2x16 ком 6
   - проводник SKS 1x16 м 250
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 6
   - реконструкција на постоечкото улично осветлување

2. Улица до Ферид
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 3
   - затегачи за СКС 2x16 ком 6
   - проводник СКС 2x16 м 200
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 6
   - столб 9 м (дрвен) ком 3

3. Улица до Фети и Решат
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 3
   - затегачи за СКС 2x16 ком 6
   - проводник СКС 2x16 м 300
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 6
   - столб 9 м (дрвен) ком 3

4. Улица од Босанско маало до Страхојадица
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 6
   - затегачи за СКС 2x16 ком 6
   - проводник СКС 2x16 м 600
   - АЛ -цу клеми 6-35 ком 6
   - столб 9 м (дрвен) ком 6

5. Улица од Босанско маало до гробишта
   - вандерма 125 со сијалица 125W ком 3
   - затегачи за СКС 2x16 ком 3

- проводник СКС 2x16 м 100
- АЛ -цу клеми 6-35 ком 3
- столб 9 м (дрвен) ком 2

**Е. с. Гумалево**

- проводник СКС 2x16 м 500
- вандерма 125 со сијалица 125W ком 8
- затегачи за СКС 2x16 ком 8
- АЛ -цу клеми 6-35 ком 16
- столб 9 м (дрвен) ком 3

**Ж с. Палиград**

- дооформување на уличното осветлување

**3.** Реконструкција на уличното осветлување во селата Добрино, Дејковец, Тисовица, Смесница, Вражале и Градовци.

**S. с. Смесница**

- улица 2 во должина од 200 метри (према Авдиљ)
- улица 3 во должина од 250 метри (десно накај гробиштата)
- осветлување , нова линија од железничка постројка до селото

**И. Село Пакошево**

1. Да се постават дополнителни сијалични места во целото село
2. Осветлување на игралиште детско (ново)
3. Осветлување во атарот на црквата
4. Осветлување ново во првата улица десно на влезот во селото

Член 1

Реализацијата на изведбата на уличното осветлување во населените места наведени во Програмата ќе зависи од доделените средства наменети за таа цел.

Член 2

Реализацијата на Програмата ќе ја врши Градоначалникот на Општината, за таа цел ќе склучува договори со изведувачите на работите.

Во колку средствата за реализација на Програмата не се доволни за реализација на истата во целост, Советот на Општина Зелениково ќе донесе посебна одлука за приоритет за изведба на електрично улично осветлување во населените места во Општина Зелениково.

Советот на Општина Зелениково, Одлуката од претходниот став ќе ја донесе откако телата на Советот на Општина Зелениково кои се повикани според своите надлежности, ќе поднесат предлог за таа цел.

Во работата на Одборот за месна самоуправа да се вклучат и претседателите на одборите на месните заедници.

Член 2-а

Реализацијата на Програмата ќе ја врши Градоначалникот на Општината, по претходна согласност на приоритети утврдени од Советот по предлог на Комисијата за урбанизам.

Член 3

Наредбодател за користење на средствата утврдени со оваа Програма ќе биде Градоначалникот на Општината.

Член 4

Средствата за извршување на оваа Програма ќе се користат од Буџетот на Општина Зелениково.

Член 5

Оваа Програма ќе се применува од 01.01.2023 година, а ќе се објави во Службен гласник на Општината.

**Број 10-664/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година**,** донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/156**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 80, 80-а и 81 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и („Сл.весник на РСМ“ бр.244/19), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на 09.12.2022 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2023 година**

Согласно Законот за градење потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Зелениково.

Со оваа Програма се уредува бројот, видот и големината на урбаната опрема, како и локациите и објектите на кои може да се постави истата. Воедно се утврдува и начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа Програма важи за 2023 година и со истата е опфатена урбана опрема која се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште. Согласно член 2 став 4 од Закон за градење ,под урбана опрема во смисла на овој закон, се смета опрема за: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема а не претставуваат составен дел од оваа Програма, ќе бидат опфатени со нејзините измени и дополнувања.

### 1. Цел на Програмата

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Зелениково;
- Естетско обликовни подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина

### 2. Видови на Урбана опрема

Видовите на урбана опрема, определени се со Законот за градење, а се наведени во воведниот дел на оваа Програма.

Урбана опрема се поставува **исклучиво** за остварување на **јавен интерес** утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

### 2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема

За определување на видот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;
- Материјални критериуми;
- Финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Зелениково треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење.

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење како и движењето на лица со инвалидност.

Воедно, потребно е да се обезбеди непречен пристап до истата, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство односно на природата.

### 2.2. Урбана опрема за која има потреба да се постави на територијата на Општина Зелениково

#### 2.2.1 Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со модули со површина од 4м2 до 8м2 и висина до 4м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во рамки на постојката може да има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Локацијата на автобуските постојки е на постојните автобуски станици, а при нивно поставување потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2м.

#### 2.2.2 Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општината, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

### 2.2.3 Самостоечки рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

### 2.2.4 Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

### 2.2.5 Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште, во близина на паркинг простор, а просторот се издава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат или проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.

Детско игралиште може да се постави и во уредено земјиште на јавен простор во услови кога нема урбанистичко планска документација за тоа населено место.

Со оваа програма се предвидуваат повеќе локации за поставување на опрема за детски игралишта, но и за одржување на постојните детски игралишта во населените места кои се на територијата на Општина Зелениково и тоа на следните локации:

- **Село Зелениково - КП 148 КО Зелениково**



- **Село Зелениково – КП 475/1 КО Зелениково**




- **Станица Зелениково – КП 194 КО Градовци**



- **Станица Зелениково – КП 220 КО Страхојадица**



- **Таор – КП 671 КО Таор**



- **Орешани – КП 785/1 КО Орешани**



- **Пакошево – КП 287 КО Пакошево**




- **Ново Село – КП 938 КО Ново Село**



- **Страхојадица – КП 613 КО Страхојадица**




- **Смесница – локацијата ќе се утврди дополнително**
- **Вражале – локацијата ќе се утврди дополнително**

### 2.2.6 Опрема во функција на туристички, културни и спортско-рекреативни активности и настани

Оваа програма предвидува и поставување на урбана опрема во функција на туристички, културни и спортско-рекреативни активности и настани, под што се подразбира поставување на летниковци со површина до 20м2, дрвени маси, столови, корпи за отпадоци, настрешници и постаменти за скара, на подлога од бехатон плочки или соодветна на локалитетот, кој ќе се користи како туристичко и излетничко место на жителите во Општина Зелениково и пошироко.

Опремата се поставува во зависност од расположивата јавна површина, притоа е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници.

Сите елементи на опремата што се поставува не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина

- **Градовци КП 1370 КО Градовци**




- **Градовци КП 1131 КО Градовци**



- **Смесница КП 539 КО Смесница**




- **Зелениково КП 152 и дел од КП 667 КО Зелениково**



## 2.2.7 Опрема за продажба на цвеќиња и храна на отворено – КП 108 КО Градовци

Со оваа програма се предвидува и поставување на тезги за продажба на цвеќиња, храна, органски земјоделски производи и слични производи, поставени на бехатон плочки.

Површината предвидена за оваа намена не треба да биде поголема од 70м2, може да се постават максимум 7 тезги не поголеми од 5м2. Поставувањето на опремата не смее негативно да влијае врз здравјето и безбедноста на жителите, сообраќајот и околните објекти. Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин (најлони, застаклување и сл.)

За овој простор потребно е да се обезбеди привремен паркинг за возилата на корисниците од минимум 50м2.




## 2.2.8 Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на земјиште кое претставува јавен простор, по укажана потреба за поставување на истите.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки и на други локации согласно елеборат за поставување на урбана опрема.

### 2.2.9 Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно може да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80м).

### 2.2.10 Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите.

### 2.2.11 Паркиралишта за велосипеди

Типот и локациите се определуваат со елаборат (проект) за поставување на паркиралишта за велосипеди во Општина Зелениково.

### 2.2.12 Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

## 3. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Законот за градење урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и неизградено земјиште, или уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Зелениково.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Општина Зелениково согласно Законот за градење води регистар на издадени одобренија за поставување на урбана опрема.

Одобрението за поставување на урбана опрема го издава Градоначалникот на Општина Зелениково.

Одобрението за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Имотен лист за предметното земјиште

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Зелениково (во натамошниот текст - надлежно одделение).

Надлежното одделение на Општина Зелениково врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

**4. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково се финансира од буџетот на Општината за 2023 година, буџет на РСМ, донации, правни и физички лица.

**4.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема**

Трошоците за поставување, држување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичкото или правното лице.

**5. Динамика на реализација на Програмата**

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства, решени имотно- правни и технички услови.

**6. Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење.

**7. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Зелениково во соработка со Одделениeто за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник" на Општина Зелениково.

**Број 10-655/1** — **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 09.12.2022 година** — **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/157**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 99 став 1 алинеа 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на РСМ" бр.275/19), Советот на Општина Зелениково на 22-та седница одржана на ден 09.12.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**СОДРЖИНА:**

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

1. **Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на располагање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на располагање во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
    а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
    б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
    в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање
    г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4. **Динамика на реализација на Програмата**
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**

**<u>ВОВЕД:</u>**

**<u>Општ дел</u>**

Согласно одредбите на Законот за сопственост и други стварни права како генерален закон и Законот за градежно земјиште како специјален закон, градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Градежното земјиште претставува добро од општ интерес за Република

Северна Македонија кое ужива посебна заштита на начин и подуслови утврдени со закон, а уредувањето на градежното земјиште претставува дејност од јавен интерес. Истото може да биде изградено и неизградено, кое е планирано за градење со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија. Располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија опфаќа можност тоа да се оттуѓи, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува и на него да се востановат други стварни права на начин и подуслови утврдени со закон.

Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија согласно закон може да го пренесе на општините.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски и треба да служи за добро на сопственикот и на заедницата и истата вклучува и право на градење на земјиштето, додека одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште. Сопственикот има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и да располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината. Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

## А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Зелениково, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2023 година.

Во годишната Програма за 2023 год., предмет на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, се

предвидува да бидат следните градежни парцели кои се дел од следниве Урбанистички планови во Општина Зелениково:

- Урбанистички план за дел од село Орешани, измена и дополнување за урбани блокови: Б1; Б2; Б3; Б17, донесен со Одлука на Советот на Општина Зелениково број 07-451/1 од 22.10.2013 година, објавена во Службен гласник на Општина Зелениково број 7/2013.
- Урбанистички план вон населено место за спортско - рекреативен центар Пакошево, донесен со Одлука на Советото на Општина Зелениково број 07- 85/1 од 17.02.2017 година, објавена во Службен гласник на Општина Зелениково број 1/2017.
- Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“, донесен со Одлука на Советот на Општина Зелениково број 07-322/1 од 08.07.2014 година, објавена во Службен гласник на Општина Зелениково број 5/2014.
- Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор, донесена со Решение на Градоначалникот на Општина Зелениково број 09-02/2 од 19.02.2021 година.
- Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор, донесена со Решение на Градоначалникот на Општина Зелениково број 09-04/2 од 11.03.2021 година.
- Урбанистички план за село Зелениково, донесен со Одлука на Советот на Општина Зелениково број 07-377/2 од 26.10.2020 година.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и (Сл.весник на РСМ бр.275/19).

- **Основни плански документи**

Со цел што побрз економски развој на општината и намалување на миграцијата, изработени се урбанистички планови на некои од слободните локации во општината кои согласно стратегијата за развој на Општина Зелениково истите предвидуваат и даваат предност за зачувување на животната средина. Токму тие урбанистички планови се предмет на оваа програма и претставуваат стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво.

- **Важечки урбанистички плански документации во Општина Зелениково**.

1. Урбанистички план за дел од село Орешани, измена и дополнување за урбани блокови: Б1; Б2; Б3; Б17. Преку овој урбанистички план создаден е флексибилен план кој овозможува порационални етапни градителски активности и интервенции,

прилагодени на промените без да се наруши воспоставениот концепт и нормалното одвивање на животот во целост. Исто така со овој план дефинирани се следните класи на намени:

- Семејно домување во станбени куќи
- Групно домување - дом за стари лица
- времено сместување
- мали комерцијални и деловни единици
- Големи трговски единици
- Големи угостителски единици
- здравство- Болнички комплекс
- Лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта
- парковско зеленило

2. Урбанистички план вон населено место за спортско – рекреативен центар Пакошево – предвидена е градба на објекти од мешана намена Д3 и Б5 – спорт и рекреација и хотелски комплекси (голф терени, игралишта, хотели и бунгалови).

3. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“. Согласно барањето од страна на Министерство за култура изработен е овој урбанистички план со цел создавање на функционална и погодна инфраструктура за реализација на проектот: филмско производство, постпродукција, дигитализација и чување на аудиовизуелното наследство и 3Д филмска анимација.

4. Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор. Со оваа ЛУПД се предвидува изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (бензиска пумпна станица) и компатибилни класи на намена.

5. Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор. Со оваа ЛУПД се предвидува изградба на објекти со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија (изработка на бетонски елементи) и компатибилни класи на намена.

6. Урбанистички план за село Зелениково. Во рамките на планскиот опфат на Урбанистички план за село Зелениково, општина Зелениково планирани се следните наменски употреби на градежното земјиште:

- А1 – Домување во станбени куќи;
- Б1 – Мали комерцијални и деловни намени;
- Б2 – Големи трговски единици;
- Б4 – Деловни простори;
- В1 – Образование и наука;
- В2 – Здравство и социјална заштита;
- В4 – Државни институции;

- В5 – Верски институции;
- Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија;
- Д1 – Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило;
- Д3 – Спорт и рекреација;
- Д4 – Меморијални простори;
- Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтаични панели);
- Е2 – Комунална супраструктура (железничка станица);
- Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници);
- Е1 – Комунална инфраструктура;
- Водотеци;
- Заштитен појас на водотеци и р. Вардар;
- Заштитен појас на железничка пруга;
- Заштитен појас на електрична мрежа.

- **Програма за изработка на урбанистички планови и локално урбанистички плански документации во Општина Зелениково за 2023 година.** Со оваа програма се опфатени Урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување во општина Зелениково.

  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Зелениково (парцелација на градежни парцели),
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Орешани,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Таор,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Ново Село,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Вражале,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Градовци,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Пакошево,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Страхојадица,
  - Изработка и донесување на Урбанистички план на село Смесница.
  -

Анализа на можностите за просторен развој:

Со изработката на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културно наследство и отворање на нови локации.

Основната идеја при уредување на просторот во Општина Зелениково е предвидување на намени кои нема да го нарушат амбиентот на здрава животна средина. Па затоа се става акцент на изградба на објекти со намена Лесна и незагадувачка индустрија која истовремено ќе создаде економски ефекти со

привлекување на нова работна сила и привлекување нови идеи и инвестиции, како и подобра конкуренција во пласманот на земјоделските производи.

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Лица од проектниот тим за изработка на Програмата,
- Дејан Димитровски, Раководител на одделение за урбанизам и локален економски развој,
- Сања Симоновска Богоројческа, Раководител на одделение за администрирање на приходи.

## ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

### 1. Цели на Програмата

- **Општи цели на Програмата**
  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку создавање на просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

### 2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

- **Графички прилог од Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани, со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на располагање (стр. 7; 8; 9),**
- **Графички прилог од Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пакошево, КО Пакошево, со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на располагање (стр.10)**
- **Графички прилог од Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“, КО Пакошево, со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на располагање (стр.10),**
- **Графички прилог од Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор (стр 11) и**
- **Графички прилог од Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор (стр.12).**




ГП 17.1 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.2 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




**ГП 17.3 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**




**ГП 17.8 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**




**ГП 17.30 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**




**ГП 17.10 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**




**ГП 17.11 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**



ГП 17.12 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани



ГП 17.13 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




**ГП 17.19 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**




ГП 17.20 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.51 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.52 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.21 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.22 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.23 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.36 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




ГП 17.37 Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани




**ГП 1.1 Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пакошево, КО Пакошево**



**ГП 1.1 Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“, КО Пакошево**




**Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор**



**Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор**

Земјиштето предложено во Програмата е сопственост на Република Северна Македонија.

- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

| **Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена на основнара класа на намена | Максимално дозволено учество % на компатибилни намени | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина м2 | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Потребен број паркинг места | Почетна/утврдена цена (ден. )по м2 | Вкупна почетна/утврдена цена (ден.) |
| 17,1 | Е2 | / | / | 5932 | 4538 | 13614 | 77 | 2,30 | 10,50 П+2 | според правилник | 130 | 771,160.00 |
| 17,2 | Б4, Б2, Б3 | А2, А3, А4, Б3 | 40 | 5170 | 3202 | 9606 | 62 | 1,86 | 10,50 П+2 | според правилник | 250 | 1,292,500.00 |
| 17,3 | Б4, Б2, Б3 | А2, А3, А4, Б3 | 40 | 6408 | 4357 | 13071 | 68 | 2,04 | 10,50 П+2 | според правилник | 250 | 1,602,000.00 |
| 17,8 | Б4, Б2, Б3 | А2, А3, А4, Б3 | 40 | 3691 | 2448 | 7344 | 66 | 1,99 | 10,50 П+2 | според правилник | 250 | 922,750.00 |
| 17,30 | Г2, Г3, Г4 | Б1, Б2, Г3, Г4 | 30 | 2450 | 1577 | 4731 | 64 | 1,93 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 149,450.00 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17.10 | Е2 | / | / | 6294 | 4757 | 14271 | 76 | 2,27 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 383.934,00 |
| 17.11 | Е2 | / | / | 5027 | 3781 | 11343 | 75 | 2,26 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 306.647,00 |
| 17.12 | Е2 | / | / | 7627 | 5393 | 16179 | 71 | 2,12 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 465.247,00 |
| 17.13 | Е2 | / | / | 4324 | 3431 | 10293 | 79 | 2,38 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 263.764,00 |
| 17.19 | Е2 | / | / | 2974 | 2630 | 7890 | 88 | 2,65 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 181.414,00 |
| 17.20 | Е2 | / | / | 3347 | 2505 | 7515 | 75 | 2,25 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 204.167,00 |
| 17.51 | Е2 | / | / | 3108 | 2356 | 7068 | 76 | 2,27 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 189.588,00 |
| 17.52 | Е2 | / | / | 2398 | 2171 | 6513 | 91 | 2,72 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 146.278,00 |
| 17.21 | Е2 | / | / | 2467 | 1752 | 5256 | 71 | 2,13 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 150.487,00 |
| 17.22 | Е2 | / | / | 2584 | 2300 | 6900 | 89 | 2,67 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 157.624,00 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17.23 | Е2 | / | / | 2174 | 1930 | 5790 | 89 | 2,66 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 132.614,00 |
| 17.36 | Е2 | / | / | 2334 | 2053 | 6159 | 88 | 2,64 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 142.374,00 |
| 17.37 | Е2 | / | / | 3821 | 3076 | 9228 | 81 | 2,42 | 10,50 П+2 | според правилник | 61 | 233.081,00 |

**Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пакошево, КО Пакошево**

| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена на основна класа на намена | Максимално дозволено учество % на компатибилни намени | Површина на градежна парцела м2 | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Потребен број паркинг места | Почетна/утврдена цена (ден. )по м2 | Вкупна почетна/утврдена цена (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1,1 | Д3 | / | / | 554300 | 30 | | П+1<br>7м | Според АУП | 54 | 34.819.686,00 |
| | Б5 | / | / | 24000 | 30 | 0,8 | П+1<br>7м | Според АУП | | |
| | Б5 | / | / | 66400 | 30 | 2,5 | П+3<br>14м | Според АУП | | |

| Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“, КО Пакошево | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена на основна класа на намена | Максимално дозволено учество % на компатибилни намени | Површина на градежна парцела м2 | Утврден простор за градење на повеќе градби м2 | Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење м2 | Вкупно Изградена површина на сите катови | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Потребен број паркинг места | Почетна/утврдена цена (ден. )по м2 | Вкупна почетна/утврдена цена (ден.) |
| 1,1 | В3 | Б1, Б2, Б4, Б5, В1, В4, Д3 | / | 157,267.72 | 157,267.72 | 110,087.40 | 110,087.40 | 70 | 0,70 | Според АУП | Според АУП | 50 | 7,863,386.00 |

| Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена на основнара класа на намена | Максимално дозволено учество % на компатибилни намени | Површина на градежна парцела м2 | Планирана површина за градење м2 | Планирана вкупна етажна површина за градење м2 | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Потребен број паркинг места | Почетна/утврдена цена (ден. )по м2 | Вкупна почетна/утврдена цена (ден.) |
| **ГП_Т. 1** | Е2 | Б1, Б2, Б3 и Б4 | 15 | 7,951.00 | 4,898.00 | 9,796.00 | 61.60 | 1.23 | 9.20<br>П+1 | Според правилник | 130 | 1,033,630.00 |

| Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена на основнара класа на намена | Максимално дозволено учество % на компатибилни намени | Површина на градежна парцела м2 | Планирана површина за градење м2 | Планирана вкупна етажна површина за градење м2 | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Потребен број паркинг места | Почетна/утврдена цена (ден. )по м2 | Вкупна почетна/утврдена цена (ден.) |
| **ГП_Т.2** | Г2 | Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3 и Г4 | 49 | 56,179.00 | 37,950.00 | 75,900.00 | 67.55 | 1.35 | 9.20<br>П+1 | Според правилник | 61 | 3,426,919.00 |

**Б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање, не се предвидуваат.**

**В. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање, не се предвидуваат.**

**Г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, не се предвидуваат.**

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Дефинирање на целни групи за предметната градежна парцела**

Целна група на градежната парцела се нови домашни и странски инвеститори .

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

Информирањето ќе се врши со објави на веб страната на општината www.zelenikovo.gov.mk, преку огласи во дневните печатени медиуми кои се достапни на целата територија на Република Северна Македонија. Исто така се планира да се изготви брошура и пропаганден материјал во кои ќе бидат опфатени подетални информации.

- **Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

  Трошоците за имплементација на маркетинг стратегијата ќе се покриваат со средства од Буџетот на Општина Зелениково согласно предвидените турнуси за објава на градежните парцели.

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата**

  Маркетинг стратегијата ќе се имплементира во период на цела календарска година, но интензитетот ќе се зголеми во периодот од 30 дена, пред отпочнување на објавата, ќе се организираат работилници и јавни трибини за подетално запознавање на потенцијалните купувачи со текот на постапката и обврските кои би ги имале идните сопственици на градежното земјиште.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата ќе бидат членовите на комисијата за спроведување на постапките за оттуѓување на градежно земјиште, Одделението за ЛЕР, Градоначалникот и Советот на Општината како органи на единиците на локалната самоуправа.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Со цел минимизирање на финасиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Градежните парцели ќе се огласат во текот на 2023 година.

- **Пропишување на условите за наддавање**

Се пропишуваат/определуваат следните параметри:

Постапката за оттуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско наддавање на интернет страната http://www.gradezno-zemjiste.mk со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и "Службен весник на РСМ"

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 100% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

На денот на јавното наддавање учесниците се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничкото име и шифрата за учество на јавното наддавање.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник, а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште. Наддавањето се врши ,,чекорно,, со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, не помалку од 10,00 мкд/ м2 во зависност од намената на градежната парцела.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е од 30 до 60 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за 10% одреден за трошоци на постапката во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, од кои најмалку две лица треба да поседуваат овластување.

- Дејан Димитровски, дипломиран инженер по животна средина,
- Сања Симоновска Богоројческа, м-р. по финансии и финансово право,
- Душица Ѓорѓиевска, м-р. по економски науки,
- Камелија Стојанова, дипломиран градежен инженер,
- Елизабета Костова Бочварова, дипломиран инженер по биологија.

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

**Урбанистички план за дел од село Орешани, КО Орешани**

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.1 би изнесувал 771.160,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.2 би изнесувал 1.292.500,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.3 би изнесувал 1.602.000,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.8 би изнесувал 922.750,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.30 би изнесувал 149.450,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.10 би изнесувал 383.934,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.11 би изнесувал 306.647,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.12 би изнесувал 465.247,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.13 би изнесувал 263.764,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.19 би изнесувал 181.414,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.20 би изнесувал 204.167,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.51 би изнесувал 189.588,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.52 би изнесувал 146.278,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.21 би изнесувал 150.487,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.22 би изнесувал 157.624,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.23 би изнесувал 132.614,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.36 би изнесувал 142.374,00мкд

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 17.37 би изнесувал 233.081,00мкд

**Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пакошево, КО Пакошево**

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 1.1 би изнесувал 34.819.686,00мкд

**Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена В3 за филмско производство „ФИЛМСКИ ГРАД“, КО Пакошево**

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП 1.1 би изнесувал 7.863.386,00мкд

**Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.1 на КП 240/2 дел, КО Таор**

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП_Т.1 би изнесувал 1.033.630,00мкд

**Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП_Т.2 на КП 240/2 дел, КО Таор**

Приливот на финансиски средства од продажбата за ГП_Т.2 би изнесувал 3.426.919,00мкд

Вкупно приливот на финансиски средства од продажбата на сите градежни парцели би изнесувал **54.838.700,00 мкд,** од кои 80% прилив за општината односно **43.870.960,00 мкд** и 20% за РСМ односно **10.967.740,00 мкд**.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште; 300.000,00 мкд
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште, 200.000,00 мкд

**7. Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

**Број 10-657/1** | **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 09.12.2022 година** | **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2023 година

Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2023 година, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/158**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во општина Зелениково за 2023 година**

Годишната програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница, како и развојната стратегија на Општината Зелениково.

Навременото донесување на планската документација за потребите на руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општината Зелениково.  Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

## I. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување:

- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Смесница;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Страхојадица;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Вражале;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Орешани;

- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Пакошево;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Таор;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Ново Село;
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Градовци;

Горенаведените Урбанистички планови за село се со следните опфати и површини:

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Смесница**
  Населбата Смесница е лоцирана покрај реката Вардар на растојание од 28 км од градското подрачје на Град Скопје на надморска височина од 300м. Смесница припаѓа во групата на рамничарски села од збиен тип.
  Површина на опфатот изнесува 7,9 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Страхојадица**
  Населбата Страхојадица е лоцирана на падините на Голешница на растојание од 26 км од градското подрачје на град Скопје на надморска висина од 400 м. Страхојадица припаѓа во групата на планински села од збиен тип.
  Површина на опфатот изнесува 8,08 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Вражале**
  Населбата Вражале е лоцирана на падините на Китка на растојание од 24 км од градското подрачје на Град Скопје на надморска височина од 500м. Вражале припаѓа во групата на планиниски села од збиен тип
  Површина на опфатот изнесува 15,41 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Орешани**
  Населеното место Орешани се наоѓа источно од градот Скопје, на растојание од 19 км. На северо-исток тече реката Вардар, а населеното место се развива на двете страни од река Орешанска која го дели селото во правец југоисток-северозапад на надморска висина од 251 м. Орешани припаѓа во категорија на рамничарски населени места.
  Површина на опфатот изнесува 170,1 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Пакошево**
  Населеното место Пакошево е лоцирано во јужниот дел на Скопската Котлина на левата страна на реката Вардар на надморска висина од 220 м, односно се наоѓа во Општина Зелениково, во нејзиниот северен дел, на 2,5 км оддалечено од Станица Зелениково. Пакошево спаѓа во групата на рамничарски села.
  Површина на опфатот изнесува 33,6 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Таор**
  Населбата Таор се развила по работ на Скопската Котлина, по текот на реката Вардар, на надморска висина помеѓу 220-260 м. Конфикурацијата на теренот е доста воедначена. Се работи главно за ридчест (не многу стрмен) терен на кој е сместено населеното место Таор.
  Површина на опфатот изнесува 20,2 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Ново Село**
  Населеното место Ново Село е лоцирано на работ на Скопската Котлина во близина на реката Вардар, на растојание од 35 км од градското подрачје на Град Скопје на надморска висина од 230 м. Ново село припаѓа во групата на подпланински села од збиен тип.
  Површина на опфатот изнесува 25,7 ха.

- **Изработка и донесување на Урбанистички план на село Градовци**
  Населбата Градовци е лоцирана на падините на Голешница на растојание од 29 км од градското подрачје на Град Скопје на надморска височина од 600м. Вражале спаѓа во групата на планиниски села од збиен тип.
  Површина на опфатот изнесува 20,6 ха.

**II. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Палиград
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Дејковец
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Добрино
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Гумалево
- Изработка и донесување на Урбанистички план на село Тисовица

**III. Изработка на урбанистички проекти**

- Изработка на Урбанистички проект со план за парцелација во рамки на Урбанистичкиот план за село Зелениково
- Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за локален пат Таор – Пакошево
- Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за локален пат Смесница – Кадина Река
- Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација во село Орешани
- Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за доводен систем за вода за село Смесница

- Изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба за плоштад Јустинијан први во Таор
- Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за потребите на општината
- Изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за потребите на општината
- Изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за КП 456/1 и дел од КП 452/1 КО Зелениково, Општина Зелениково
- Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за водоводен систем во село Градовци

## IV. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови

- За изработка и донесување на Урбанистичките планови дадени во глава I на оваа програма, потребни се средства во износ од 5.894.100,00 денари. Средства во висина од 4.995.000,00 денари се обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, за мерка 322 – Обнова и развој на селата, подмерка 322.1 – Изработка на урбанистички планови за населени места – села. Останатите средства во висина од 899.100,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Зелениково.
- За изработка и донесување на Урбанистичките планови дадени во глава II на оваа програма потребни се средства во износ од 1.500.000,00 денари. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Зелениково.
- За изработка и донесување на Урбанистички проекти дадени во глава III на оваа програма потребни се средства во износ од 2.791.000,00 денари. Средства во висина од 791.000,00 денари се обезбедени од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, од Програмата за финансирање на проекти за развој на селата со специфични развојни потреби за 2021 и 2022 година. Останатите средства во висина од 2.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Зелениково.
- За изработка и донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за КП 456/1 и дел од КП 452/1 КО Зелениково, Општина Зелениково, средствата ќе се обезбедат од лицето подносител на иницијативата.

**Број 10-656/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за превоз на децата од градинката ЈДГ "8-Март" – објект Зеленика - Зелениково

Се објавува Одлуката за обезбедување на финансиски средства за превоз на децата од градинката ЈДГ "8-Март" – објект Зеленика - Зелениково, донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/159**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 05/02), Советот на Општина Зелениково, на 22 – та седница одржана на ден 09.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за обезбедување на финансиски средства**

**Член 1**

Се обезбедуваат финансиски средства за превоз на децата од градинката ЈДГ "8 – Март" – објект Зеленика.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот да обезбеди превоз од градинката ЈДГ "8 – Март" – објект Зеленика - Зелениково до градинката во Драчево и обратно за околу 45 деца од градинката кои ќе присуствуваат на претстава по повод Нова година. Исплатата на одобрениот износ ќе се изврши по доставена фактура од страна на превозникот.

**Член 3**

Финансиските средства ќе се исплатат на трансакциска сметка, која ќе биде доставена од страна на превозникот.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-665/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на **КП 657 и дел на КП 658 КО Зелениково,** донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022  година.

**Број 08-110/160**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Зелениково, на седницата одржана на ден **09.12.2022** година донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на земјиште со намена на бесправни објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на **Урбанистичко - планска документација за с. Зелениково** со која ќе се изврши усогласување на намена на земјиште со намена на бесправните објекти на КП 657 и дел на КП 658, КО Зелениково, која во постојниот **Урбанистички план за село Зелениково** (усвоен од Советот на Општина Зелениково со **Одлука бр.07-377/2 од 26.10.2020** година), е дефинирана како **комунална супраструктура Е2**.

**Член 2**

Во новата урбанистичко – планска документација намената на земјиштето да се предвиди соодветно на намената на бесправните објекти според фактичката ситуација и согласно соодветната важечка законска регулатива.

**Член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), а врз основа на постапување по доставено барање **бр.09-71/1** од **10.03.2016 година,** за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-654/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 09.12.2022 година** **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на **КП 176/1 КО Зелениково,** донесена на 22-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/161** **Градоначалник**
**Датум 15.12.2022 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Зелениково, на седницата одржана на ден **09.12.2022** година донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на земјиште со намена на бесправни објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на **Урбанистичко - планска документација за с. Зелениково** со која ќе се изврши усогласување на намена на земјиште со намена на бесправните објекти на КП 176/1, КО Зелениково, која во постојниот **Урбанистички план за село Зелениково** (усвоен од Советот на Општина Зелениково со **Одлука бр.07-377/2 од 26.10.2020** година), е дефинирана како **комунална супраструктура Е2**.

**Член 2**

Во новата урбанистичко – планска документација намената на земјиштето да се предвиди соодветно на намената на бесправните објекти според фактичката ситуација и согласно соодветната важечка законска регулатива.

**Член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), а врз основа на постапување по доставено барање **бр.09-91/1** од **17.03.2016 година,** за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-653/1**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Злате Симоновски, донесена на 22 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022  година.

**Број 08-110/162**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), Советот на Општина Зелениково на 22 - та седница, одржана на ден 09.12.2022 година, расправајќи по барањето на **Зоран Симоновски од Зелениково брат на Злате Симоновски, број 10-640/1 од 05.12.2022 година** донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош**

**Член 1**

Се одобрува Барањето за еднократна финансиска помош број 10-640/1 од 05.12.2022 година, поднесено од лицето Зоран Симоновски брат на Злате Симоновски од Зелениково.

**Член 2**

Еднократната финансиска помош која се одобрува изнесува 8.000,00 денари.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот согласно финансиските средства со кои располага општината, да изврши исплата на одобрениот износ.

**Член 4**

Финансиските средства ќе се исплатат на трансакциска сметка број 200003940816082 депонент на Стопанска банка, која е доставена од страна на барателот.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-640/2**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Заклучок

Се објавува Заклучокот по поднесено барање од Месна заедница "Трпе Божиновски" - Зелениково, донесен на 22 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/163**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Советот на Општина Зелениково, на 22 – та седница одржана на ден 09.12.2022 година, расправајќи по Барањето поднесено од Месна заедница "Трпе Божиновски" - Зелениково, број 10-648/1 од 07.12.2022 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Зелениково да го разгледа барањето поднесено од Месна заедница "Трпе Божиновски" – Зелениково и да постапи по истото во насока на расчистување (продлабочување) на речното корито на Симонечка река на потегот од мостот на главната улица до уливот во реката Вардар, затоа што истото е цело наполнето со песок и може да предизвика поплавување на околното земјиште.

2. Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-648/2**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Заклучок

Се објавува Заклучокот по поднесено барање од Месна заедница "Трпе Божиновски" - Зелениково, донесен на 22 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/164**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Советот на Општина Зелениково, на 22 – та седница одржана на ден 09.12.2022 година, расправајќи по Барањето поднесено од Месна заедница "Трпе Божиновски" - Зелениково, број 10-646/1 од 07.12.2022 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Зелениково да го разгледа барањето поднесено од Месна заедница "Трпе Божиновски" – Зелениково и да го стави како приоритет проект во наредната година со цел да се направи пешачка патека од ромскиот мост до просториите на Месна заедница "Трпе Божиновски" со што ќе се поврзат двете веќе постоечки патеки.

2. Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-646/2**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Заклучок

Се објавува Заклучокот по поднесено барање од Советникот Жаклина Николовска, донесен на 22 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/165**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Советот на Општина Зелениково, на 22 – та седница одржана на ден 09.12.2022 година, расправајќи по Барањето поднесено од Советникот Жаклина Николовска, број 10-651/1 од 09.12.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Зелениково да го разгледа барањето поднесено од Советникот Жаклина Николовска и во наредниот период да закаже состанок и склучи Договор за соработка за постапување со отпадни батерии и акумулатори и Договор за соработка за постапување со отпадна електрична и електронска опрема со лиценцирана фирма согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електронска и електрична опрема.

2. Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-651/2**
**Датум 09.12.2022 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2022 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2022 година, донесена на 22 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 09.12.2022 година.

**Број 08-110/166**
**Датум 15.12.2022 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**